**Општина Шуто Оризари-KomunaRepublika onise Orizari-Komuna Shuto OrizariРепублика Северна Македонија-Republika Utarali Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut**

**Бр- No-Nr.** 10-106/4

27.08. **2024 год- berš-viti**

**СКОПЈЕ- SKOPJE-SHKUP**

Согласно својата надлежност по член 10 став 1 точка 3 и член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ 32/20 и 111/23) а согласно член 38 тав 5,6,8 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ 32/20 и 111/23) по предлог на Комисијата за урбанизам на Општина Шуто Оризари, Градоначалникот на Општина Шуто Оризари го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

За одобрување на Планска програма за изработка на Урбанистички план за село Долно Оризари во Општина Шуто Оризари за плански период 2023-2033 година

1.Се одобрува Планската програма за изработка на Урбанистички план за село Долно Оризари изработена од Агенцијата за планирање на просторот на РСМ, со тех.број D2423 од мај 2024 година, доставена преку информацискиот систем е-урбанизам со постапка број 62053 за плански период 2023-2033 година согласно член 22 став 1 и став 2 точка 2 (Сл.Весник на РСМ бр.32/20 и 111/23).

2.Со влегувањето во сила на ова Решение се смета дека постапката за донесување на Урбанистички план за село Долно Оризари е започната во согласност со член 28 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ 32/20 и 111/23)

3.Ова Решение влегува во сила од денот на неговото донесување

4.Планската програма и Решението за одобрување на истата ќе бидат објавени на веб страната на Општина Шуто Оризари www.sutoorizari.gov.mk

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Во согласност со Програма та за урбанистичко планирање ,,Ф'' за 2023/2024 година , на Општина Шуто Оризари и врз основа на Записникот од Партиципативното тело со арх.број 10-106/3 од 27.08.2024 година и предлогот за одобрување на Планската програма со арх.број 10-106/2 од 27.08 2024 година од Комисијата за урбанизам на Општина Шуто Оризари формирана од Градоначалникот на Општина Шуто Оризари со Решение со арх.број 10-103/1 од 23.01.2024 година и во согласност со член 10 став 1 точка 3 и член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр32/20 и 111/23), Градоначалникот на Општина Шуто Оризари донесе Решение, за одобрување на Планската програма и за отпочнување на изработка на Урбанистички план за село Долно Оризари во Општина Шуто Оризари согласно член 28 и член 22 став 1 и став 2 точка 2 , за плански период 2023-2033 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20 и 111/23)

Општина Шуто Оризари

Градоначалник

Курто Дудуш